СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 46. седница**
**27.5.2020 година**
**Точка на дневен ред бр. 7**

# ОДЛУКА

## за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2019 година на Стопанска Банка а.д. Битола

**Битола, 2020 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, СО бр. 02-9782/1/II-9 од 29.5.2019 година (пречистен текст), Собранието на Стопанска банка а.д. Битола, на својата 46. седница одржана на ден 27.5.2020 година, донесе:

# ОДЛУКА

**Член 1**

Се УСВОЈУВА Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2019 година на Стопанска Банка а.д. Битола, со што остварената добивка по Годишната сметка за 2019 година во износ од 16.968.120,00 денари се распоредува како што следува:

- 16.968.120,00 денари се распоредува во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

СО бр. 02-10604/1/II-7
Битола, 27.5.2020 година

Стопанска банка а.д. Битола
Собрание на акционери

Претседавач

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Стопанска банка а.д. Битола, во согласност со законските прописи изготви Годишна сметка за 2019 година, при што утврди добивка пред оданочување во износ од 19.645.804,00 денари, од којашто, по одбивањето на данокот на добивка во износ од 2.677.684,00 денари, останува добивката по оданочување во износ од 16.968.120,00 денари која се распоредува како што следи:

- 3.780.845,00 денари – ефект од ослободување на исправка на вредноста и/или посебна резерва, што е резултат на примената на Одлуката за методологијата за управување со кредитен ризик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 149/18), како резултат на разликата на исправката на вредност помеѓу старата Одлука и новата Одлука за методологијата за управување со кредитен ризик. Банката е должна делот од ослободената исправка на вредноста и/или посебната резерва, што не го користи за покривање на тековните загуби или за покривање на загубите од минатите години, да го распореди во резерви или во задржана добивка, коишто ги исполнуваат условите од регулативата на НБРСМ за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот за вклучување во редовниот основен капитал на банката. Износот е потврден и од страна на Друштвото за ревизија „Мур Стивенс" ДОО Скопје, коешто изврши ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2019 година.

  Овој износ Банката ќе го евидентира во задржана добивка ограничена за распределба на акционерите, односно на конто 90601 - Задржана добивка - Ограничена за распределба на акционерите, со тоа што овој износ ќе се евидентира во редовен основен капитал, којшто ќе ги исполни условите од регулативата на НБРСМ за пресметка на адекватноста на капиталот.
- 217.738,00 денари - во согласност со Одлука за изменување на Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија", бр. 50/13, 26/17), ослободување на износот на ревалоризациската резерва кога не е извршена продажба на преземеното средство.

  Имајќи ги предвид одредбите на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот и критериумите што треба да ги исполнат позициите што се дел од основниот капитал, овој износ е безусловно неповратен, односно не постои можност за негово откупување, повлекување или исплата. Овој износ Банката ќе го евидентира во задржана

добивка ограничена за распределба на акционерите, односно на конто 90601 - Задржана добивка - Ограничена за распределба на акционерите.

Приходот од ослободената ревалоризациска резерва ќе се прикаже во годината во која е донесена Одлуката на Собранието.

- 12.969.573,00 денари – остатокот од добивката по оданочување, Банката ќе го евидентира во задржана добивка ограничена за распределба на акционерите, односно на конто 90601 - Задржана добивка - Ограничена за распределба на акционерите.

Распоредувањето и употребата на добивката се вршат во согласност со членовите 18 и 22 од Статутот на Банката и членовите 36, 483, 485 и 487 од Законот за трговските друштва.

Во согласност со споменатите членови, добивката по оданочување во износ од 16.968.120,00 денари се предлага да се распореди во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите, која не може да се искористи за исплата на дивиденда, а може да се искористи за покривање на загуба или за зголемување на основната главнина со запишување акции.

Надзорниот одбор на Банката на својата редовна седница одржана на 22.4.2020 година ја одобри Предлог-одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2019 година на Стопанска банка а.д. Битола.

Имајќи го предвид изнесеното, се предлага Собранието на Банката да ја усвои предложената Одлука.

НО бр. 02-8429/1/II.2-5
Битола, 22.4.2020 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор

Претседател
м-р Миле Зеневиќ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1